


# ЕУ ВЕСТИ



*„...повикувам сите да се соединиме за општиот интерес на граѓаните како што е интеграцијата во Европска Унија, економската благосостојба, реформите во образованието, заштита на семејството и заштитата на животната средина. Ова се столбовите во кои треба да се обединиме...“*

Дел од обраќањето на претседателот на Собранието, Африм Гаши на конститутивната седница на Собранието, одржана на 28 мај 2024г.

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Постигнат договор за фондот за Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Упатство за ублажување на онлајн ризиците по изборните процеси | 3 |
| Дводневен самит на ЕУ | 4 |
| Кампања за поттикнување на излезноста на европските избори | 4 |
| Закон за заштита на производите од географско потекло | 5 |
| План за воведување европска диплома | 5 |
| Специјален самит на ЕУ | 6 |
| Европски дигитален идентитет | 6 |
| 9 Мај Ден на Европа | 7 |
| Над 18 милиони евра за пациентите со ретки болести | 7 |
| Прв Закон за борба против насилство врз жените во ЕУ | 8 |
| Инвестициски форум во Франција | 8 |
| Дигитализација на јавните услуги во ЕУ | 9 |
| Земјоделско-прехранбен индустриски екосистем на ЕУ | 9 |
| Нов европски закон за слобода на медиумите | 10 |
| Прв закон за вештачка интелигенција во светот | 10 |
| Образовна структура на населението во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / јуни 2024 | 11 |



***ЕУ ЦЕНТАР***
***мај 2024 година***
***ЕУЦ-број 92/2024***


## ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ФОНДОТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Претседателството на Советот и Европскиот парламент на 4 април 2024 г. постигнаа привремен договор за формирање на фонд за реформа и раст за Западен Балкан. Тоа е централниот дел на Планот за раст за Западен Балкан претставен од Комисијата во ноември 2023 година.
Фондот го опфаќа периодот од 2024 до 2027 година. Се очекува да обезбеди до 2 милијарди евра грантови и 4 милијарди евра заеми за партнерите на ЕУ од Западен Балкан. Тој ќе го надополни постоечкиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА III), значително зголемувајќи ја финансиската помош за партнерите во регионот.
Фондот ќе ги поддржи партнерите на ЕУ од Западен Балкан во преземањето реформи поврзани со ЕУ и ќе ја стимулира нивната економска конвергенција со ЕУ, врз основа на амбициозните реформски агенди. Ќе промовира усогласување на партнерите со вредностите, законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на ЕУ со цел идното членство во ЕУ.
Механизмот за реформи и раст е финансиски инструменти за имплементација на Планот за раст на Западен Балкан, кој Европската комисија го претстави лани во ноември, како нова алатка за забрзување на подготовките на земјите од регионот за членство во ЕУ, со можност за користење на некои од неговите придобивки за граѓаните и бизнисите уште пред зачленувањето. Тоа би требало значително да ги забрза процесот на проширување на ЕУ и растот на економиите на земјите од регионот.
Во рамки на Механизмот за периодот од 2024 до 2027 година за земјите од Западен Балкан ќе бидат одвоени шест милијарди евра, од кои две милијарди евра неповратни грантови и четири милијарди евра позајмици под поволни услови. Од вкупната сума најмалку 800 милиони евра ќе бидат предвидени за Северна Македонија.
На 16 мај годинава лидерите на Западен Балкан и претставници од ЕУ и САД се сретнаа на Самитот во Котор за да разговараат за Планот за раст на Западен Балкан и за продолжување на патот кон ЕУ на земјите од Западен Балкан.
Услов за добивање средства е спроведувањето на реформите, пред се во областа на демократските механизми, владеењето на правото и основните права. Планот го опфаќа периодот од 2024 до 2027 година и предвидува секоја влада од секстетот на Западен Балкан да добива одредена сума пари на секои шест месеци, во зависност од реформите спроведени во тој период.

https://www.consilium.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија март 2024***

На пленарната сесија европратениците го усвоија предлогот на Конференцијата на претседатели (претседателот на ЕП Мецола и лидерите на политичките групи) за календарот на Парламентот за 2025 година.

Европарламентот го усвои договорот со земјите-членки за ревизија на директивата за индустриски емисии (ИЕД) со 393 гласа и новата регулатива за порталот за индустриски емисии, со 506 гласа.

Европратениците одобрија нови правила за усогласување на спроведувањето на санкциите на ЕУ низ земјите-членки. Со 543 гласа Европскиот парламент усвои директива, договорена со земјите-членки, за криминализирање на кршењето и заобиколувањето на санкциите на ЕУ.

Европратениците усвоија нови правила на ЕУ за заштита на потрошувачите за подобро да одговорат на зголеменото онлајн купување, новите технологии и транзицијата кон кружна економија.

Усвоената Директива за зелени штети со 543 гласа ќе ги обврзе компаниите да поднесат докази за нивните тврдења за еколошки маркетинг.

Усвоената ревизија на Директивата за енергетски перформанси на зградите има за цел прогресивно да ги намали емисиите на стакленички гасови и потрошувачката на енергија во градежниот сектор на ЕУ и да го направи климатски неутрален до 2050.

Европарламентот одобри нови стандарди за сајбер отпорност за заштита на сите дигитални производи во ЕУ од сајбер закани.

На церемонијата по повод Меѓународниот ден на жената, 2 претставнички од женската фудбалска репрезентација на Шпанија се обратија на европратениците во Стразбур. Претседателката Роберта Мецола им се заблагодари на играчите што ги урнаа стереотипите и покажаа дека полот не мора да го попречува патот до успехот.

Со 523 гласа европратениците го одобрија Законот за вештачка интелигенција со кој се осигурува безбедност и усогласеност со основните права, истовремено поттикнувајќи ги иновациите.

Европарламентот со 465 гласа усвои ажурирана Директива за единствена дозвола. Директивата воведува единствена административна процедура за доставување дозвола на државјани на трети земји кои сакаат да живеат и работат во земја на ЕУ.

Европарламентот со 347 гласа ја усвои измената на предлогот на Комисијата за суспендирање на увозните давачки и квоти за украинскиот извоз на земјоделски производи во ЕУ за уште една година до 5 јуни 2025 година.

Европратениците дадоа зелено светло за новите правила за заштита на новинарите и медиумите на ЕУ од политичко или економско мешање. Според новиот закон, усвоен со 464 гласа земјите-членки ќе бидат обврзани да ја заштитат независноста на медиумите и ќе бидат забранети сите форми на интервенции во уредничките одлуки.

***Пленарна сесија април 2024***

На пленарната сесија Европарламентот усвои привремен политички договор со земјите на ЕУ за нова доброволна рамка за сертификација за отстранување на јаглеродот, со 441 глас.

Европратениците усвоија предлог за ажурирање на фармацевтското законодавство на ЕУ, за поттикнување на иновации и за подобрување на безбедноста на снабдувањето, пристапноста и достапноста на лековите. Законодавниот пакет, кој ги опфаќа лековите за човечка употреба, се состои од нова директива (усвоена со 495 гласа) и регулатива (усвоена со 488 гласа).

Неговото височество кралот Филип, кралот на Белгија, ја истакна улогата на Европа како „гео-еколошки актер“ и повика на одбрана на демократијата наспроти автократските трендови.

Европарламентот го одобри привремениот политички договор со Советот за ажурирани правила за состав, име, етикетирање и презентација на одредени прехранбени производи за „појадок“, таканаречените „директиви за појадок“, со 603 гласа.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Европарламентот со 341 глас усвои нови мерки договорени со Советот, за зајакнување на целите за намалување на емисиите на CO2 за новите тешки возила (камиони, автобуси и приколки).
Со 481 глас Европарламентот го усвои договорот постигнат со Советот во јануари 2024 г. за ревидирање на стандардите на ЕУ за управување со води и третман на урбани отпадни води за подобра заштита на јавното здравје и животната средина.
Во резолуцијата усвоена со 336 гласа европратениците побараа правото на абортус да се вметне во Повелбата за основните права на ЕУ - барање што тие го поставија неколку пати.
Комисијата за уставни прашања го одобри договорот за формирање Тело за етички стандарди за зајакнување на интегритетот, транспарентноста и одговорноста во европското одлучување.
Европратениците со 563 гласа усвоија закон со кој се проширува опсегот на сегашните мерки за борба и спречување на трговијата со луѓе и подобра поддршка на нејзините жртви.
Европратениците со 445 гласа одобрија меѓуинституционален договор за формирање Европски простор за здравствени податоци.
Европарламентот со 522 гласа ги усвои првите правила на ЕУ за борба против насилството врз жените и семејното насилство. Директивата повикува на посилни закони против сајбер насилството, подобра помош за жртвите и чекори за спречување на силувањето.
Препораката од комисиите за индустрија, истражување, енергетика и меѓународна трговија за излегување од Договорот за енергетска повелба беше усвоена со 560 гласа. За Советот да може да ја усвои одлуката со квалификувано мнозинство, потребна е претходна согласност од Европскиот парламент.

## УПАТСТВО ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ОНЛАЈН РИЗИЦИТЕ ВО ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ

Европската комисија изработи Упатство со препорачани мерки наменети за „многу големите онлајн платформи“ со цел ублажување на системските ризици на интернетот што би можеле да влијаат врз интегритетот на изборните процеси, со посебни конкретни насоки за јунските избори годинава за членови на Европскиот парламент.
Согласно Законот за дигитални услуги на ЕУ, Европската комисија минатата година на веб страниците, социјалните мрежи, пребарувачите и сајтовите за е-трговија кои имаат повеќе од 45 милиони активни корисници во Унијата, им додели статус на „многу големи онлајн платформи“, со што тие имаат обврска да се придржуваат на низа правила.
Мерките во Упатството вклучуваат зајакнување на внатрешните процеси и правила на платформите за ублажување на ризиците специфични за изборите, вклучително и промоција на официјални информации за изборните процеси, поттикнување на медиумска писменост, намалување на виралноста на содржини што можат да го загрозат интегритетот на изборите, како и јасно посочување на платените политички реклами.
Од платформите се бараат и конкретни мерки за намалување на ризиците од злоупотреба на вештачката интелигенција за политички цели, како и воспоставување на механизам за одговор на инциденти кои би можеле да имаат значително влијание врз исходот или излезноста на изборите. Многу големите онлајн платформи треба да обезбедат доволно ресурси и мерки за ублажување на ризиците по изборниот процес, како и да воспостават тесна соработка со Работната група на Европската опсерваторија за дигитални медиуми (ЕДМО) за следење на европските избори годинава.

https://ec.europa.eu

## ДВОДНЕВЕН САМИТ НА ЕУ



На дводневниот Самит на ЕУ одржан на 22 и 23 март 2024 година Европскиот совет направи преглед на подготовките за проширувањето и внатрешните реформи врз основа на Декларацијата од Гренада. Советот потсети дека работата на двата колосека треба да напредува паралелно за да се осигура дека и идните земји членки и ЕУ ќе бидат подготвени за членство во моментот на нивниот прием. Во документот се истакнува дека врз основа на препораката на Европската Комисија од 12 март годинава, Европскиот совет одлучи да ги отвори пристапните преговори со Босна и Херцеговина.

Во делот посветен на безбедноста и одбраната се нагласува посветеноста на ЕУ на зголемување на севкупната одбранбена подготвеност и капацитети согласно нејзините потреби и амбиции. Од земјите членки на ЕУ се бара зголемување на трошоците за одбраната, подобар пристап на европската одбранбена индустрија до јавните и приватните финансии, поттик на заедничките набавки, заедничките одбранбени инвестиции, зајакнување на отпорноста на европската одбранбена индустрија, понатамошна интеграција на европскиот одбранбен пазар, навремено идентификување на тесните грла во синџирите на снабдување за одбранбениот пазар и инвестирањето во квалификувана работна сила за да се надмине недостигот на работници во одбранбената индустрија.

Европските лидери ја нагласија „императивната потреба“ за засилена и координирана воена и цивилна подготвеност и стратешко управување со кризи и повикаа на активности за зајакнување на подготвеноста и одговорот на елементарни непогоди на ниво на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## КАМПАЊА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗЛЕЗНОСТА НА ЕВРОПСКИТЕ ИЗБОРИ




Од 29 април 2024 година Европскиот парламент започна кампања за поттикнување на граѓаните на ЕУ за учество на изборите закажани од 6 до 9 јуни годинава, чија примарна цел е да се зголеми одзивот на гласачите.

Од првите директни избори за европратеници во 1979 година одзивот бил 61,99%, под 50% на сите избори по 1999 година, а ја достигнаа најмалата излезност од 42,61% во 2014 година. На последните избори за членови на Европарламентот во 2019 година одзивот бил 50,62%.

Во фокусот на кампањата се ставени историјата на демократијата во Европа, руската инвазија врз Украина и антидемократските трендови на континентот, се до достигнувањата на европскиот мир.

За спроведување на оваа кампања Европскиот парламент издвои буџет од 37 милиони евра, што претставува 0,08 евра по глава на граѓанин на ЕУ со право на глас на Евроизборите.

https://www.euractiv.com

## ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПРОИЗВОДИТЕ СО ГЕОГРАФСКО ПОТЕКЛО




Советот на ЕУ усвои Регулатива за подобрување на заштитата на географското потекло и на квалитетот на вината, алкохолните пијалаци и земјоделски производи, со која се поедноставува процедурата за регистрација на заштитените брендови.
Регулативата ќе донесе видливи придобивки за руралната економија и ќе го заштити гастрономското наследство на ЕУ ширум светот.
Со законската регулатива, производителите добиваат овластувања и одговорност да менаџираат со нивните производи со гарантирано географското потекло, вклучително и можност за нивна заштита од злоупотреба на имињата на брендовите.
Заштитеното географско потекло гарантира права на интелектуална сопственост кои ги штитат имињата на производите со специфични карактеристики, квалитети или специфична репутација поврзани со областа во која се произведуваат. Тие производи се заштитени од копирање или фалсификати, за ознаката за заштитено географско потекло гарантира дека се произведени во согласност со високите стандарди во регион од кој потекнуваат. Покрај за одредени производи, како: пармезанот, шампањот, каламата маслинките, Полската водка или сирењата Манчего и Гријер, ЕУ има и систем на заштита на традиционалните специјалитети од одредена географска област, како на пример пицата Наполитана.

https://www.consilium.europa.eu

## ПЛАН ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЕВРОПСКА ДИПЛОМА




Европската комисија на 27 март 2024 г. презентираше три иницијативи за унапредување на транснационалната соработка меѓу високообразовните институции во ЕУ, со крајна цел воведување на единствена европска диплома.
Станува збор за пакет што содржи Информација за план за европска диплома и два предлози за поддршка на високообразовниот сектор - за подобрување на процесите за квалитетно и автоматското признавање на дипломите во високото образование и за обезбедување на попривлечни и одржливи академски кариери.
Најавувајќи го предлог-пакетот, потпретседателот на ЕК за промоција на европскиот начин на живот Маргаритис Схинас истакна дека образованието претставува „клучен градежен материјал“ на европскиот начин на живот и на посветеност на помладите генерации.
Следен чекор ќе биде воспоставувањето на европска диплома, што ќе ги поттикне универзитетите во ЕУ за соработка во корист на студентите, професорите, работодавците и конкурентноста на Европа.
Европската диплома би била корисна за студентите и високообразовната заедница, за зајакнување на мобилноста во образованието и подобрување на вештините на студентите. Исто така, би помогнала да се задоволи побарувачката на пазарот на труд, дипломирани студенти попривлечни за идните работодавачи, привлекување на студенти од целиот свет.
Планот за европска диплома го трасира патот за нов вид на заеднички програми на национално, регионално или институционално ниво врз основа на сет критериуми договорени на европско ниво.

https://ec.europa.eu

## СПЕЦИЈАЛЕН САМИТ НА ЕУ



На Специјалниот самит на ЕУ кој се одржа на 17 и 18 април 2024 година во Брисел лидерите на ЕУ ја нагласија решеноста на Унијата и нејзините земји членки внимателно да ги следат и да ги посочат сите ризици кои произлегуваат од дезинформациите, вклучително и со користење на вештачка интелигенција и од манипулациите со странски информации и мешањете во изборните процеси.
Европскиот совет ги повика институциите на ЕУ и националните власти да соработуваат за овие прашања, се истакнува во заклучоците од оваа последна предвидена средба на шефовите на држави или влади на членките на Унијата пред европските избори во јуни.
На вториот ден од Самитот се дебатираше по Извештајот за иднината на единствениот европски пазар, изготвен од претседателот на Институтот „Жак Делор“ и поранешен италијански премиер Енрико Лета.
Во документот се посочува дека во изминатите 30 години, единствениот европски пазар и неговите четири слободи за движење на капитал, стоки, услуги и луѓе беа моќен двигател на конвергенцијата и растот во ЕУ и нејзините земји членки.
По завршувањето на Самитот, претседателот на Советот на ЕУ, Шарл Мишел изјави дека иако веќе 10 години учествува на лидерски самити, ова е првпат по многу време да нема само дискусии за конкурентноста и за инвестициите, туку да се донесат конкретни решенија и заклучоци поврзани со инвестициите и инвестициската стратегија.

https://www.consilium.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ДИГИТАЛЕН ИДЕНТИТЕТ




Советот на ЕУ на 23 март 2024 година усвои нова Рамка за европски дигитален идентитет (еИД), која има за цел да им обезбеди на граѓаните и бизнисите во Унијата универзален пристап до сигурна и доверлива електронска идентификација и потврдување на автентичноста.
Европската регулатива за дигитален идентитет ќе придонесе за значително подобрување и поедноставување на пристапот до јавни услуги преку интернет, со што во преден план се стават интересите на граѓаните.
Со новиот закон, земјите членки на ЕУ на граѓаните и бизнисите ќе им понудат т.н. дигитални паричници преку кои ќе можат да ги поврзат нивните национални дигитални идентитети со други лични документи, како возачка дозвола, банкарска сметка или доказ за степен на квалификации. Со тоа, европските граѓани ќе можат да го докажат својот идентитет и да споделуваат електронски документи од нивните дигитални паричници преку мобилни телефони.
Европскиот паричник за дигитален идентитет ќе содржи контролна табла со сите трансакции достапни за неговиот сопственик, и онлајн и офлајн, и ќе нуди можност да се пријават можни прекршувања на правилата за заштита на податоците, ќе биде можна и интеракција помеѓу паричниците. Покрај тоа, граѓаните ќе можат да користат и бесплатни електронски потписи за непрофесионална употреба.
Издавањето, користењето и укинувањето на ЕДИВ за сите физички лица ќе биде бесплатно, при што на граѓаните им се остава правото да одлучат да не извадат ваков паричник.
Рамката за европски дигитален идентитет ќе стапи во сила 20 дена по објавувањето во Службениот весник на ЕУ, а нејзината целосна имплементација треба да започне до 2026 година.

https://www.consilium.europa.eu

## 9-МАЈ ДЕН НА ЕВРОПА




По повод 9 Мај, Денот на Европа, на 4 мај годинава беше оганизиран „отворен ден“ на кој граѓаните можеа да ги посетат седиштата на институциите на Европската Унија и да се запознаат со начинот на нивно функционирање.
Европа ја слави 73 годишнината од „Шумановата декларација“, која го даде првиот поттик за создавање на денешната ЕУ. Тогашниот француски министер за надворешни работи Роберт Шуман на 9 мај 1950 година ја промовираше идејата за нова политичка соработка во Европа.
Во 1952 година во чест на Шуман и „Шумановата декларација“, 9 мај беше прогласен за Ден на Европа, кој се одбележува секоја година како ден кога се слават мирот и единството во Европа, а истовремено беше промовирано и знамето на ЕУ.
Паневропската иницијатива за поддршка на концертните локации кои ја промовираат европската музичка различност, „Лајвјуроп“ во соработка со белгиското претседателство со Советот на ЕУ и со Европската комисија во култниот концертен комплекс „Стара Белгија“ во центарот на Брисел организираа концерти и дебати, со кои се промовираат и слават основните вредности што ги зближуваат Европејците.
Претседателката на Европската комисија, Урсула Фон Дер Лајен во пораката по повод Денот на Европа нагласи „на денешниот ден и изразуваме почит на визијата на Роберт Шуман за обединета, мирна и просперитетна Европа“.
Високиот претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност Жозеп Борел нагласи дека „денешниот Ден на Европа ја одбележуваме визијата на Шуман, што ги постави темелите на нашата Унија“.

## НАД 18 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕТКИ БОЛЕСТИ




Европската комисија иницира нова акција за подобрување на дијагностицирањето, третманот и грижата за пациентите со ретки болести во ЕУ, за што изјави 18,75 милиони евра за периодот 2024-2027 година.
Преку оваа акција во националните здравствени системи ќе бидат интегрирани Европските референтни мрежи за сложени или ретки болести и состојби кои бараат високо специјализиран третман или специфични знаења и ресурси.
Според еврокомесарката за здравство и безбедност на храната Стела Киријакидес, оваа акција е доказ дека Европска здравствена унија е решена да обезбеди подобра иднина за пациентите заболени од ретки болести.
Со заедничката акција ќе бидат опфатени сите земји членки на ЕУ, Норвешка и Украина и таа треба да го трасира патот за уште поефикасна, поделотворна и поодржлива соработка во иднина.
Од вкупните средства за иницијативата, 15 милиони евра ќе бидат обезбедени од програмата „ЕУ за здравје“ (EU4Health), а останатите 3,75 милиони евра од земјите членки.

https://health.ec.europa.eu

## ПРВ ЗАКОН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ ВО ЕУ




Советот на ЕУ даде зелено светло за првиот закон на Европската Унија за борба против насилството врз жените и семејното насилство, за кој земјите-членки имаат рок од три години да го применат во националното законодавство.
Новиот закон бара од сите земји-членки на ЕУ да ги криминализираат принудните бракови и кибер насилството, како што се споделување интимни фотографии без согласност, кибер следење, кибер вознемирување и кибер-поттикнување омраза или насилство, се наведува на веб-страницата на Советот на ЕУ.
Усвојувањето на овој закон е револуционерен момент во зајакнувањето на правата на жените.
Директивата содржи и детални правила за мерките за помош и заштита што земјите-членки треба да ги обезбедат на жртвите и мерки за спречување на насилството врз жените и семејното насилство и поставува стандарди за заштита на жртвите на овие кривични дела.
Овој закон ќе гарантира низ ЕУ дека неговите сторители ќе бидат строго санкционирани и дека жртвите ќе ја добијат сета потребна поддршка.

https://www.consilium.europa.eu

## ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ВО ФРАНЦИЈА




На 13 мај 2024 година за време на главниот владин настан „Избери Франција“ во Версајската палата Франција привлече рекордни 15 милијарди евра странски инвестиции. На настанот учествуваа околу 180 извршни директори од целиот свет и околу 60 француски деловни лидери.
На седмото издание на водечката конференција на владата беа објавени 56 нови проекти и изгледи за 10.000 нови работни места.
Ова е резултат на „признавањето на работата извршена во изминатите седум години врз основа на подобрување на нашето знаење, одржување на нашата декарбонизирана енергија, создавање поволна нормативна рамка и фискална стабилност“, истакна Макрон во интервјуто за Le Parisien.
Најавата доаѓа откако Франција беше прогласена за најатрактивна земја во Европа за инвестиции веќе петта година по ред, според ревизорската куќа ЕY, со 1.194 нови и проширени локации, пред ОК (985) и Германија (733).
Најголемата инвестиција ја најави Мајкрософт, кој ќе инвестира 4 милијарди евра во развој на центри за податоци за да ја зајакне својата вештачка интелигенција (ВИ) и инфраструктурата во облак. Американскиот гигант Амазон ќе инвестира 1,2 милијарди евра во центри за податоци за својот облак бизнис, особено за генеративна вештачка интелигенција (ВИ) и во своите логистички магацини, создавајќи „повеќе од 3.000 работни места“. Други најавени проекти вклучуваат нова фабрика за ѓубриво со ниска содржина на јаглерод во Сом (1,2 милијарди евра), нови производни линии за француски чипс и компир Мекејн во регионите Па-де-Кале и Марне (350 милиони евра), фабрика за рафинерија за никел во близина на Бордо (300 милиони евра) и фармацевтски инвестиции со Pfizer (500 милиони евра), AstraZeneca (365 милиони евра) и GSK (140 милиони евра).

https://www.euractiv.com

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ ВО ЕУ




На 11 април 2024 година во ЕУ стапи во сила Законот за интероперабилна Европа, кој има за цел да ја олесни прекуграничната размена на податоци, да ја забрза дигиталната трансформација на јавниот сектор и да овозможи подобар пристап до јавните услуги за граѓаните и бизнисите во Унијата.
Законската регулатива е од суштинско значење за постигнување на целите утврдени со програмата „Дигитална декада на ЕУ“, која предвидува сите клучни јавни услуги во Унијата да бидат достапни онлајн до 2030 година. Таа треба да овозможи функционален единствен дигитален пазар и поефективна имплементација на дигиталните карактеристики на јавните политики.
Најголема полза од новата регулатива ќе имаат граѓаните, бизнисите и јавната администрација при користење на меѓусебно поврзани дигитални јавни услуги кои бараат прекугранична размена на податоци. Ова вклучува взаемно признавање на академски дипломи или професионални квалификации, пристап до податоци за социјално осигурување и здравствена заштита, како и размена на информации за безбедноста на патиштата и за оданочување, царини, пријавување на јавни тендери, дигитални возачки дозволи или комерцијални регистри. Со примената на овој Закон се проценува дека годишните заштеди ќе достигнат до пет милијарди евра.
Имплементацијата на Законот за интероперабилна Европа ќе се финансира преку Програмата за дигитална Европа (ДИГИТАЛ).
Согласно одредбите на Регулативата, најголемиот дел од нив ќе почнат да се применуваат во рок од три месеци од датумот на нејзиното стапување во сила. Дополнително, земјите членки треба да именуваат национални надлежни органи за ова прашање најдоцна до јануари 2025 година.

https://ec.europa.eu

## ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕН ИНДУСТРИСКИ ЕКОСИСТЕМ НА ЕУ




Европската комисија на 11 март 2024 година објави план за транзиција на земјоделско-прехранбениот индустриски екосистем, со фокус на прехранбената индустрија.
Планот ги идентификува предизвиците и можностите на прехранбениот сектор и предлага активности за зајакнување на неговиот придонес кон конкурентен, одржлив, еластичен и праведен земјоделско-прехранбен систем на ЕУ.
Конкурентноста и еластичноста на системот за храна бараат фер приноси за сите поединци вклучени во синџирот на вредности, паметни инвестиции за одржливост со цел ограничување на инфлацијата на храната, поддршка за извозот на земјоделско-прехранбени производи од ЕУ и имплементација на циркуларни деловни модели.
Со планот се охрабрува засегнатите страни да го прифатат Кодексот на однесување на ЕУ за одговорни деловни и маркетиншки практики со храната и истовремено се предлага овозможување на активности за остварување на целите за одржливост на Кодексот. Тој, исто така, предлага зајакната соработка помеѓу различните организации за поддршка на бизнисот и зголемување на свеста за можностите за финансирање на истражувањата и развојот, особено на иновациите насочени кон одржливост.
Комисијата го подготви планот во соработка со земјите членки на ЕУ, индустриските и земјоделските здруженија и невладините организации.

https://single-market-economy.ec.europa.eu

## НОВ ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ




Советот на ЕУ на 26 март 2024 година во последна инстанца го усвои Европскиот закон за слобода на медиумите, кој има за цел заштита на слободата на медиумите, медиумскиот плурализам и независноста на уредувачката политика во Унијата.
Со Европскиот закон за слобода на медиумите (ЕМФА) се воспоставува заедничка рамка за медиумските услуги на ниво на ЕУ и се воведуваат мерки насочени кон заштита на новинарите и медиумите од политичко мешање, а истовремено треба да придонесе за олеснување на нивното работење.
Новите правила го гарантираат правото на граѓаните за пристап до бесплатни информации од повеќе извори и ја дефинираат одговорноста на земјите членки да обезбедат соодветни услови и рамка за заштита на новинарите и медиумите.
Усвојувањето на регулативата претставува одговор на зголемената загриженост во ЕУ за политизацијата на медиумите, за недостигот на транспарентност околу сопственоста на медиумските куќи и за начинот на користење на државните средства за рекламирање.
Со Законот се воспоставуваат заштитни мерки за борба против политичкото мешање во уредувачката политика на медиумите, за заштити новинарите и нивните извори на информации и за гарантирање на медиумските слободи и плурализам.
Европскиот закон за слобода на медиумите ќе стапи во сила 20 дена по неговото објавување во Службениот весник на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## ПРВ ЗАКОН ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА



На 21 мај 2024 година Советот на ЕУ го одобри Законот чија цел е усогласување на правилата за вештачка интелигенција, Закон за вештачка интелигенција. Тоа претставува прв акт од ваков вид во светот, кој може да постави глобални стандарди за законодавството за вештачка интелигенција.
Новиот закон има цел да ги поттикне приватните и јавните актери да развијат и да усвојат безбедни и сигурни системи за вештачка интелигенција на единствениот пазар на ЕУ.
Во исто време, се стреми да обезбеди почитување на основните права на граѓаните на ЕУ и да ги поттикне инвестициите и иновациите во областа на вештачката интелигенција во Европа.
Законот за вештачка интелигенција се однесува само на области опфатени со правото на ЕУ и предвидува исклучоци во случај на системи кои се користат исклучиво за воени и одбранбени цели, како и за истражувачки цели.
Според законот, различните форми на вештачка интелигенција се категоризираат според ризикот.
Системите за вештачка интелигенција кои претставуваат ограничен ризик би биле предмет на многу благи обврски во однос на транспарентноста, додека системите со висок ризик би биле одобрени под услов да исполнуваат голем број барања и обврски за пристап до пазарот на ЕУ.
Компаниите што ќе го прекршат законот за вештачка интелигенција ќе бидат казнети врз основа на процент од нивниот вкупен промет во претходната финансиска година или над однапред определен износ.
Законот за вештачка интелигенција, откако ќе биде потпишан од претседателите на Европскиот парламент и на Советот, ќе стапи во сила 20 дена по неговото објавување во Службениот весник на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## ОБРАЗОВНАТА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕУ




Во 2023 година, 43% од населението на ЕУ на возраст од 25-34 години имало високо образование (ISCED нивоа 5-8), што претставува зголемување за 1% во споредба со 2022 година (42%). Ова е 2% под целта на ЕУ за 2030 година, која има за цел 45% од популацијата на ЕУ на возраст меѓу 25-34 години да има високо образование.

Кај оваа возрасна популација постои родов јаз бидејќи поголем процент од жените имаат високо образование во споредба со мажите (49% од жените и 38% од мажите).

Податоците покажуваат дека 13 земји на ЕУ веќе ја исполниле целта на ниво на ЕУ за 2030 година: Ирска (63% од вкупното население на возраст од 25-34 години), Кипар (62%), Луксембург (60%), Литванија (57%), Холандија (55). %), Шведска (54%), Шпанија и Франција (и двете по 52%), Белгија (50%), Данска (49%), Малта и Полска (и двете по 46%) и Латвија (45%). Спротивно на тоа, најниски акции се забележани во Романија (23%), Унгарија (29%) и Италија (31%).

Во сите земји на ЕУ, уделот на постигнувањето на високото образование беше поголем кај жените отколку кај мажите, што се движеше од 5% разлика во Германија до 24% разлика во Естонија, Латвија и Словенија.

https://ec.europa.eu







*ЕУ КАЛЕНДАР / јуни 2024*

1. *Избори за пратеници во Европскиот парламент, 6-9/06/2024 година;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 24/06/2024, Брисел;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 18 и 27/06/2024, Брисел;*
4. *Состанок на Европски Совет, 27-28/06/2024, Стразбург.*

**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**


Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




